# ПРАЈМЕР В

*Прајмер на акрилна основа*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Прајмер В се употребува како подлога за прајмерирање на внатрешни и надворешни површини пред нанесување на: завршни декоративни и заштитни премази на база на водени дисперзии, декоративни малтери кај термоизолационите фасадни системи, акрилни подни спортски обработки (Адингфаворит), смеси за израмнување, лепила. Може да се нанесува на подлога од бетон, асфалт, малтер, гипс- картон, камен, тула, постојни премази на водена основа и слично.

## СВОЈСТВА

- ја подобрува атхезијата на нанесениот материјал со подлогата на која се нанесува;
- ги подобрува површинските својства на подлогата;
- обезбедува површинска лепливост;
- водонепропусен во врзана состојба;
- паропропусен;
- не содржи растворувачи и не е токсичен;
- отпорен и постојан на атмосферски влијанија;
- едноставно вградување.

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | - | бела течност |
| Волуменска маса | EN ISO 2811-1 | 1,0-1,05 g/cm³ |
| pH вредност | | 8+/-1 |
| Време на сушење на 20˚C, релативна влажност од 65% | - | 30-60min |
| Временски период помеѓу слоевите | | 30min |

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗВЕДБА

**ПОГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА**

Подлогата треба да биде здрава, чиста, без масти, соли и прашина и без лабилни делови. Соодветна подлога за изведба на Прајмер В е бетон, асфалт, цементен, продолжен малтер, цементни плочи, гипс-картон, камен, тула, постојни премази на водена основа, глетувана површина со фасаден глет Хидроглет Ф или кај термоизолационите фасади површина обработена со лепилата за лепење и глетување на термоизолационите плочи- Стирокол П или Стирокол П бел.

Подлогата на која се нанесува Прајмер В треба да биде сува или малку влажна, доколку материјалите кои се вградуваат над него дозволуваат присуство на влага во подлогата.

Пред нанесување на Прајмер В, потребно е сите остатоци од нестабилна боја, малтер, мувли, лишаи и слично, темелно да се отстранат од подлогата.

**ВГРАДУВАЊЕ**

Нанесувањето на Прајмер В, во зависност од условите при вградување, се изведува 30min пред нанесување на следниот слој (премаз, малтер и сл.). Вградувањето е со четка, ваљак или со распрскување во еден слој. Доколку се потребни повеќе слоеви, нанесувањето треба да биде на свеж претходен слој, односно откако претходниот слој ќе се впие во подлогата, но нема да се исуши на подлогата. Сушењето на Прајмер В на подлогата може да има негативно влијание на врската на следните вградени слоеви со подлогата.



АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р.С. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

Во зависност од порозноста на подлогата Прајмер В се разредува со вода во однос 1:3 до 1:4, по што смесата се меша до потполно воедначување. Кај многу порозни подлоги може да има потреба од нанесување на повеќе слоеви.
По нанесување на Прајмер В обработените површини треба да се заштитат од силен ветер, дожд и прашина. Температурата при вградувањето треба да се движи од 5-35°C.

## ПОТРОШУВАЧКА

Прајмер В- 0,15 до 0,25 kg/m²

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по употребата.

## ПАКУВАЊЕ

Пластично шише 1kg
Пластични канти од 5 и 20kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории, на температура од 5-30°C. Рок на употреба 12 месеци.

Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата (да се користат заштитни ракавици). Материјалот не е токсичен, но при ненадеен контакт, во случај да се контаминираат површини на кожата, истите места треба веднаш да се измијат со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош.
Пожар: Прајмер В не е тестиран на реакција од пожар
Чистење и депонирање: Чистењето неврзани остатоци од Прајмер В е со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на соодветна опрема.





ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р.С. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk
www.ading.com.mk